Република Северна Македонија [redacted]
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: 25.05.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 1005 | 564/1 | | |

**До:**
**Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

На ден **15.01.2021 година** преку [redacted]о Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, поднесов приговор против Решение бр[redacted] од [redacted] година донесено од министерот за внатрешни работи. Видно од образложението на Решение бр. 1005-304/4 од 10.03.2021 од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е дека Државната комисија ја примила жалбата преку првостепениот орган –[redacted]работела по предметот заведен кај Вас на ден [redacted]**г. под бр**[redacted]. Исто така од Ваша страна сум известен дека на ден 25.02.2021 година Вие сте се обратиле со допис до првостепениот орган и на ден 15.04.2021 година на Ваша седница сте изготвиле ургенција со Ваш бр.0901-60 со која сте се обратиле до првостепениот орган. Бидејќи, согласно законскиот рок за постапување согласно чл.8 ст.6 од Законот за основање на Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, каде е наведено дека Државната комисија одлучува во рок од два месеца од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок, во конкретниот случај рокот за одлучување е до [redacted] **година**. Се обраќам до Вас доколку мојот предмет Државната комисија го има решено во законски предвидениот рок, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребна ми е фотокопија од Решението одлучено од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Решението ми е потребно заради заведен судски спор при основен суд Прилеп кој што е во прекинат додека биде донесено решението од Државната комисија.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- ✓ **- в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта [redacted]
- б) телефон

- в) факс
- г) е-маил
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
-----------------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Барател:

[redacted]

Во Прилеп, [redacted]

Датум 25.05. 2021 година

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

07.06. 2021

**Архивски број:** 1005 - 564/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен позитивно одговори на Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] доставена до Државната комисија на ден 25.05.2021 година и заведено под број 1005-564/1.
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

[redacted] на ден 25.05.2021 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст Државна комсија) достави Барање за пристап до информации од јавен карактер и истото во комсијата е заведено под број 1005-564/1.

Во самото барање е наведено дека на ден 15.01.2021 година барателот преку Министерство за внатрешни работи до Државната комисија доставил приговор против Решение [redacted] од [redacted] година донесено од [redacted].

Видно од Решението бр.1005-34/4 од 10.03.2021 година на Државната комисија изготвено врз

основа на претходно доставено барање за пристап до информации од јавен карактер, е дека приговорот поднесен од страна на [redacted] на ден [redacted] година преку првостепениот орган е доставен до Државната комисија и истиот е заведен под број [redacted]


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Исто така, од страна на Државната комисија бил известен дека на ден [redacted] година комисијата со допис се обратила до првостепениот орган. Исто така, на седница одржана на ден [redacted] година била изготвена ургенција со број [redacted] со која повторно Државната комисија се обратила до првостепениот орган.

Со оглед на тоа што законскиот рок за постапување по поднесениот приговор е до [redacted] година, барателот [redacted] се обраќа до Државната комисија со барање доколку веќе е постапено по приговорот да му се даде фотокопија од донесеното Решение. Решението кое го бара му е потребно заради заведен судски спор при [redacted] кој што бил прекинат додека не се донесе Решение од страна на Државната комисија по поднесениот приговор.

Постапувајќи по доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисијата го имаше предвид член 20 став 1 од законот, каде е наведено дека ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Исто така, во член 21 став 1 од законот е предвидено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на истото и бараната информација до подносителот ќе биде доставена во форма како што е наведено во самото барање. Со оглед на тоа што начинот на доставување на информацијата не е наведен во самото барање, истата до подносителот на барањето ќе биде доставена по пошта.

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова